# THE NEW MODEL OF LOCAL ECONOMIC DEVELOPMENT OF THE MUNICIPALITY OF TETOVO, A COMPARATIVE ANALYSIS BETWEEN TETOVO AND MARIBOR SLOVENIA

**Jeton Mazllami**
SEEU-Tetovo, Republic of Macedonia, j.mazllami@seeu.edu.mk
**Izet Zeqiri**
SEEU-Tetovo, Republic of Macedonia, i.zeqiri@seeu.edu.mk
**Brikend Aziri**
University of Tetova, Republic of Macedonia, brikend.aziri@unite.edu.mk

**Abstract:** Local economic development is a pillar of the economic development of a country. Implementing an appropriate model of local economic development is indispensable for modern societies. Planning of LED; identifying developmental and structural priority objectives; running an appropriate local economic policy; support the development of SME's and entrepreneurial ideas, development of the local network of institutions and agencies and the promotion of public private partnership are key activities for overall economic development.
The comparative analysis between the municipalities of Tetovo and Maribor Slovenia will contribute to finding new development points and routes that I will try to incorporate into a modern LED model compatible for the municipality of Tetovo.
**Keywords:** LED, economic policy, SME's, PPP.

# НОВ МОДЕЛ НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ТЕТОВО, ЕДНА КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА МЕЃУ ТЕТОВО И МАРИБОР СЛОВЕНИЈА

**Јетон Мазлами**
ЈИЕУ – Тетово, Република Македонија, j.mazllami@seeu.edu.mk
**Изет Зеќири**
SEEU-Tetovo, Republic of Macedonia, i.zeqiri@seeu.edu.mk
**Брикенд Азири**
Универзитет во Тетово, Република Македонија, brikend.aziri@unite.edu.mk

**Резиме:** Локалниот економскиот развој е стожер на економскиот развој на една земја. Имплементирање на соодветен модел на локален економски развој е неопходен за современите општества. Планирање на ЛЕР; утврдување на развојни и структурни приоритетни цели; водење на соодветна локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните деловни субјекти и на претприемачки идеи, развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на јавно приватно партнерство се клучни активности за севкупен економски развој.
Компаративната анализа помеѓу општина Тетово и Марибор Словенија ќе придонесува за изнаоѓање на нови развојни точки и правци кои ќе се обидам да ги инкорпорират ва еден современ модел на ЛЕР компатибилен за општина Тетово.
**Клучни зборови:** ЛЕР,економска политика, МСДС, јавно-приватно партнерство.

## 1. ВОВЕД

Градот Тетово од Р. Македонија и градот Марибор Р. Словенија се типични репрезенти на своите земји како од аспект на економската, образовната и културната важност, така и од нивната улога во регионалниот и се вкупниот развој на своите земји. Двата града се сметаат како втори центри за развојот, после главните градови на своите држави. Покрај неколкуте слични економски и демографски карактеристики на Македонија и Словенија овие две држави имале иста судбина до нивното

осамостојување.[190] Истата година на осамостојувањето на двете земји претставуваше исти предуслови–старт (од временски аспект и други околности) за понатамошен раст и развој на економиите и нивно зачленување кон ЕУ и НАТО. Но, за жалост РМ не успеваше да се развива рамо до рамо со РС која успеа за брзо време да се зачлени во НАТО (29–март 2004) и во ЕУ (1–мај 2004) а во јануари 2007 година го воведе еврото како национална валута[191].

Република Словенија претставува одлична референтна точка за ориентација на развојот на економијата на РМ како и одличен патоказ кон интегрирање на РМ кон евроатланските структури.

## 2. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА МЕЃУ ТЕТОВО (МКД) И МАРИБОР (СЛО)

Она што ми дава за право да правам компарација меѓу Тетово и Марибор се приближните карактеристики на овие два града економии кои имале и заедничко минато во екс југословенската федерација. Тетово беше познат со својот бренд со текстилната индустрија ***(Тетекс)*** додека Марибор познат со автомобилската индустрија ***(ТАМ).***

Во продолжение ги наведувам клучните точки *(категории)* и потреби кои менаџментот на општина Тетово треба внимателно да ги третира за да ЛЕР во општина Тетово се развива по моделот на општина Марибор (табела 1).

**Табела 1 Компаративна анализа на општините Марибор–Тетово, потребите за ЛЕР во ТЕ**

| Категорија | Марибор | Тетово | Потреба–ТЕ |
|---|---|---|---|
| **Стопанство** | Преструктуирано стопанство со доминација на микро, мали и малку средни ДС | Не преструктуирано стопанство со доминација на особено тп, ММСДС | Неопходно е адекватно преструктуирање на ДС |
| **Деловниот амбиент и поддршката на ММСДС** | • Капитални трансфери кон правни и физички лица (како ставка од буџетот пр. 12,9 мил евра просек годишно за период 2008–2010)<br>• Кредитни линии<br>• Економска зона–Тезно<br>• Технолошки парк Štajerska<br>• Кластер мрежи<br>• Инкубатори<br>• Startup–фондација<br>• Гарантен фонд–Подравске<br>• Јака поврзаност на бизнис средината со академските институции | • Постои симболична и декларативна поддршка на ДС<br>• Бизнис центар–ЈИЕУ<br>• Агенција за поддршка на мали и средни претпријатија ESA (приватна сопствен)<br>• Инкубатор–ЈИЕУ (само една реализација во соработка со YES)<br>• Неактивна технолошко–индустриска развојна зона/ЈПП<br>• Слаба поврзаност на бизнис средината со двата универзитета | • Неопходно е активна политика на ЕЛС за поддршка на ММСДС преку еден процес на децентрализирање на некои владини мерки во локално ниво<br>• Промоција на кредитни линии за ММСДС (акција на ЕЛС/ ЗЕЛС Банк.сектор/МФ/НБРМ )<br>• Активирање на ТИРЗ во Тетово,<br>• Создавање на царинска и друг вид на бизнис зони,<br>• Создавање на бизнис центри, инкубатори и кластер организации, гаранционен фонд и др.<br>• Создавање на силен мост меѓу реалниот сектор и универзитетите |

---

[190]*Осамостојувањето на Македонија* 8–сеп. 1991, *осамостојувањето на Словенија* 25–јуни 1991

[191] Конверзијата се вршеше 1€=239,64 SIT

| Категорија | Марибор[192] | Тетово | Потреба–ТЕ |
|---|---|---|---|
| **Претприемништво** | • Институционална поддршка како на национално така и на локално ниво<br>• Стратегија и план за негување на претприемништвото<br>• Буџетска линија<br>Кредитни линии | Не постои конкретна локална поддршка, но поддршката е само на национално ниво | • Неопходно е креирање на стратегија за локална поддршка на новите и постојните претприемачи преку финансиски буџетски и не финансиски сре/ва<br>• Поддршка на претпријатија кои развиваат традиционални и извозни дејности |
| **Туризам** | • Постои стратегија[193] за развој на туризмот: *Марибор Похорје 2010–2020 (Зимска универзијада–26)*<br>• Стратегија за еко, агро – селски–речен туризам<br>• Стратегија за културен туризам: Марибор Европска престолнина на култура 2012-2018 | • Не постои адекватна стратегија за промовирање на туризмот туку само декларативно (постојат одлични услови за зимски, агро–селски–речен туризам)<br>• Постојат предлог програми за промоција на зимскиот туризам 2011-2018 (нема финансис. поддршка од централ. ниво) | Неопходно е водење на активна туристичка политика во општина Тетово и тоа:<br>• Стратегија за развој на зимски туризам–Попова Шапка (Шарпланински куп)<br>• Стратегија за еко планински туризам (19/8 мали езера во Шара)<br>• Стратегија за историско и културен туризам<br>• Стратегија за агро–селски–речен туризам |
| **Институционална поддршка–развој** | • Мариборска агенција за развој<br>• Економски институт Марибор<br>• Комората за трговија и индустрија Штајерска,<br>• Центар за културни перформансии | • Канцеларија за ЛЕР при (со скромни активности)<br>• Центар за развој на полошкиот регион–Цепчиште Тетово<br>• Центар за рамномерен развој на 9–општини на ТЕ&ГВ<br>• Стопанска комора на северно западна Македонија | Потребно е да се креираат соодветни институции за Тетово и тоа:<br>• Тетовска развојна агенција<br>• Економски институт<br>• Комора на Тетовски занаетчии<br>• Центар за културно и историско наследство–ТЕ |

| Категорија | Марибор[194] | Тетово | Потреба–ТЕ |
|---|---|---|---|
| **Стратегија–програми за регионален–локален** | • Стратегии за развој на Подравски регион<br>• Програмата за | • Стратешки план за развој на Тетово–канцеларија на ЛЕР | Тетово треба да ги спроведе сите видови на стратегии и програми |

[192] MOM: "*What Future for Cohesion Policy? An Academic and Policy Debate*", Maribor 2011.
[193] Janez SIRŠE (2002): MARIBOR – TURISTIČNO MESTO Vizija in strateške smeri razvoja turizma, Medunarodni inštitut za turizem, Ljubljana
[194] MOM: *"Kratek pregled" 1999-2002, 2003-20006, 2006-2009,2009-2012* Mestna občina Maribor.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **развој** | регионален развој (ЕИМ–МРА)<br>• Регионален стопански информационен систем<br>• Стратегија за развој на малиот бизнис<br>• Програма создаде заеднички регионални база за користење на ЕУ с/ва<br>• Програми за воспоставување на регионална мрежа на микро кредитни фондови и други регионални фондови<br>• Програми за меѓу гранична соработка–ИПА фондови | општина Тетово, (симболичен)<br>• Стратегија за регионален развој на РМ,<br>• Стратешки план за развој на Полошкиот регион (симболичен) | користени од страна на Марибор со една ри адаптација на ТЕ услови со исклучок на стратегиите и програмите за кои се бараат средства од ЕУ или ИПА фондови, за кои ние немаме пристап поради не полно правно членството во ЕУ |
| **Локален буџет (просек 2008–2010) -пример-** | • Вкупни расходи θ 121,5 мил Евра/год<br>• Плати θ 15,09 мил Евра/год или 12,4% од вк.расх.<br>• Капитални расходи θ 49,6 мил Евра/год или 40,8% од вк. расх. од кои<br>✓Капитални трансфери кон правни и физички лица 12,9 мил Евра/год или 10,67% од вк.расх. | • Вкупни расходи θ 20,56 мил Евра/год (7,27 пати помалку од ОМ)<br>• Плати θ 10,3 мил Евра/год или 50,1% од вк.расх.(1,46 пати помалку од ОМ)<br>• Капитални расходи θ 3,39 мил Евра/год или 16,5% од вк.расх. (14,65 | • Поголем буџет за општината според принципот (поголеми буџетска автономност од аспект на користење на собраните даночни приходи во ТЕ–ареа)<br>• Пораст на капиталните расходи за плус 20% за ефикасно реализирање на делегираните надлежности<br>• Редуцирање на трошоците за плати |
| **Фискална децентрализација** | Висока автономност на фискална децентрализација, | Второ степена фискална децентрализација (се уште е многу централизирана) | Потребно е реформирање на системот за фискална децентрализација според потребите односно надлежностите на општината во насока на нивно ефикасно и ефективно реализирање на обврските во духот на економскиот развој, |

| Категорија | Марибор | Тетово | Потреба–ТЕ |
|---|---|---|---|
| **Јавна администрација** | Јавната администрација е професионална и е ефикасен сервис на граѓаните и ДС. | • Јавната администрација заостанува наспроти развојот на граѓ. и ДС<br>• ЈА често е тесно грло за развојниот процес | • Обучување на јавната администрација<br>• По продуктивна и ефикасна јавна администрација која ќе биде сервис на гр./ДС. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **е–веб информации** | • Современ веб дизајн на ОМ со структурирана и организирана страница со совршени информации за корисниците<br>• Е–јавни набавки<br>• Е–вработување<br>• Е–геоцентар<br><br>*www.maribor.si* | • Едноставен–скромен веб дизајн на со елементарни неопходни податоци за корисниците,<br>• е–детален и генерален урбанистички план<br>www.tetova.gov.mk | Неопходно е усовршување на веб страницата со вградување на современи апликативни софтвери потребни за поедноставување на процедурите на физичките и правните корисници во општина. |
| *Извор: Подготвено од авторот* | | | |

***Од горенаведените податоци се добива претстава дека општина Тетово (во најголема мера) има предуслови како економски така и институционално да се развива по патот на Марибор со една модификација на моделот врз нашите услови.*** Останува да менаџментот на ЕЛС во Тетово и тетовски регион да имаат системски пристап за креирање на модел за ЛЕР според стандардите на ЕУ комбинирано со условите, факторите–ресурсите и потребите на локалната и националната економија.

Општина Тетово заедно со останатите ЕЛС во Тетовскиот и Полошкиот регион треба несомнено да се ориентира и да се зафати за *создавање на соодветна патна и друга инфраструктура* соодветна на потребите на граѓаните и бизнис заедницата како еден клучен предуслов за стимулирање на внатрешните и странските инвеститори. ЕЛС треба да ги ориентираат нивните локални стопанства кон поголема инвентивност, иновации, поголема конкурентност. Со други зборови општините треба да креират една ***нова визија за развојот*** која за мисија ќе ги има:

- ***Развој на локалното стопанството по сите сектори*** *(со една скала на приоритети) за поголеми инвестиции, можности за вработување и повисоко квалитетно живеење на граѓаните,*
- ***Создавање на претприемачка култура за мотивирање и поддршка на претприемачите и создавање на нов „ментален склоп„*** *(поединци и ДС) за поголеми инвестирања и голема конкурентност,*
- ***Соодветна и квалитетна јавна администрација*** *која ќе биде во состојба да им се спротивставува на брзиот образовен и културен подем на граѓанинот како и на динамичниот развој на бизнис средината,*
- ***Општината како современ амбиент на живеење засновена на квалитетно****: образование, култура, рекреација и современа јавна администрација.*

## 3.СТОПАНСКО ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ КАКО ОСНОВА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ЕКОНОМСКА ПЕРСПЕКТИВА

За време на економска стагнација во најголем број на национални економии се отпуштат одреден број на работници, се затвараат одредени фабрики до затварање на трговски друштва. При ваква ситуација е неопходно преструктуирање на стопанството од локално–регионално до национално ниво. Често пати процесот на преструктуирање во различни земји се одвиваат врз основа на позитивните лекции реализирани во Западна Европа и Северна Америка.[195]

Раководствата на локалното ниво во РМ треба да размислуваат како да создаваат компаративни предности за една пазарна перспектива. За реализација на ваквото начело е неопходна идентификација на:

- ✓ ***Актуелнатa состојба*** *на стопанството на локално, регионално и национално ниво,*
- ✓ ***Пазарните можности*** *и правната рамка за зајакнување на реалниот сектор и*
- ✓ ***Најуспешните искуства*** *на различни локални и регионални стопанства слични со нашите стопанства и нивно спроведување во реалност.*

[195] Zeqiri, Izet and Mazllami, Jeton (2017): *Regional development as an imperative for fostering the development of republic of Macedonia*, 13th ISC, Montenegro

Активностите кои ќе траба да бидат превземани од страна на локалната власт во насока да ги подобрат компаративните предности и зајакнување на конкурентноста треба да се одвиваат во три чекори и тоа:

**Чекор–1 Утврдете ја сегашната–тековната состојба на стопанството**

- *Кои се најдобрите компании–индустрии од аспект на вработеноста и нивото на плати,*
- *Кои индустриски гранки бележат најбрз позитивен тренд во однос на добивка, инвестиции, вработување и др.,*
- *Кои економски дејност се во опаѓање и стануваат неатрактивни,*
- *Кои индустриски гранки бележат опаѓање во однос на остварена добивка, инвестиции, вработување и др.*

**Чекор–2 Утврдување на сегашната–тековна конкурентна способност на деловните субјекти (ДС) во стопанството**

- *Анализирање на нивото на ефективност и ефикасност кај деловните субјекти со иста економска дејност,*
- *Кои и колку деловни субјекти од одредена општина/регион успеваат да усвојуваат пазари во соседни општини/региони и колку е процентот од усвоениот пазар,*
- *Кои се деловните области во кои има влез на ДС од соседни општини/региони и колку изнесува процентот на добиениот пазар,*

**Чекор–3 Утврдување на степенот зависност и различност помеѓу себе на клучните деловните субјекти (ДС) или индустрии**

- *Колку разгранетоста на ДС придонесува до зголемување на асортиманот о волуменот на аутпутот,*
- *Колку проценти ДС се комплементарни или суплементарни помеѓу себе,*
- *Колку падот/растот на активноста на едниот ДС ќе предизвикува намалување/зголемување на другиот ДС (комплементарни ДС)*
- *Колку падот/растот на активноста на едниот ДС ќе предизвикува зголемување/намалување на другиот ДС (суплементарни ДС)*

Реализирајќи ги горенаведените чекори раководните органи на локалната власт можат да развиваат **соодветни стратегии за потребите на ЛЕР** и тоа:

- *Поддршка и зајакнување на ДС кои добавуваат главни дејности на локално ниво со висок степен на продуктивност и рентабилност (ДС кои привлекуваат најголем број на вработени),*
- *Институционална поддршка на ДС кои имаат висока продуктивност и ги разгледуваат можностите за заедничко вложување со кои ќе се зголемуваат инвестициите, вработеноста, компаративната и конкурентската предност во релација со другите општини лили региони,*
- *Поддршка на иницијативите за оживување на старите ДС кои се компаративна предност за општината, но недостасува претприемачката иницијатива,*
- *Охрабрување и поддршка за ново отворените ДС кои предизвикуваат оживување или отворање на други ДС (комплементарни ДС),*
- *Охрабрување и институционална поддршка на индустриски гранки кои се извозно ориентирани,*
- *Охрабрување, институционална и финансиска поддршка за оние кои ќе ја оживуваат најстарата економска дејност земјоделието и преработката на земјоделските производи,*
- *Охрабрување на ДС од други општини/региони кои делуваат во вашиот регион и претставуваат можност за нови вработувања и нови инвестиции.*

## 4.НОВ МОДЕЛ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ТЕТОВО

Врз основа на извршените анализи наведувам еден конкретен стратешки модел за ЛЕР за општина Тетово–тетовски регион, модел кој може да се искористи и во другите рурални општини на регионот. Моделот е составен од: *мисија, цели, задачи и стратегии.*

***Мисија на моделот***

- *Развој на локалното стопанството по сите сектори за поголеми инвестиции, можности за вработување и повисоко квалитетно живеење на граѓаните.*
- *Мотивирање и поддршка на претприемачите (особено на печалбарите) за поголеми инвестирања,*
- *Современ амбиент на живеење засновена на квалитетно: образование, култура, рекреација и современа јавна администрација*

***Основните цели на моделот***

1. *Охрабрување на земјоделството како клучна економска дејност*
2. *Развој на бизнисот и технологиите*
3. *Развој на туризмот*

Предложениот стратегиски модел[196] за локален економски развој на општина Тетово (конципиран од авторот) и претставува еден модифициран модел на моделот за локален економски развој на општина Марибор надграден со елементи од најпозитивните искуства на земјите од Централна и источна Европа и искуството на земјите од централна Америка кои можат да бидат применети во наши услови. Во наредната шема (слика-1) е прикажан целиот модел каде покрај наведената мисија и цели се прикажани и неопходните задачи и стратегии за реализирање на поставените приоритетни цели. Со оваа докажувам дека економијата во општина Тетово и тетовски регион може да се развива врз основа на овој модел.

**Слика 1** Стратегиски модел за ЛЕР во ТЕ регион




[196] Mazllami, Jeton (2011): Инвестиците и локалниот економски развој во тетовскиот регион, Докторска дисертација, Економски факултет, Скопје.

**ЗАКЛУЧОК**

Предложениот развоен модел базиран на основните компоненти: *локалитет (населба/околина), бизнис и економска основа, можности за вработување и ресурси на заедницата* со јасно дефинирана ***мисија, цели, задачи и стратегии*** ќе придонесува за поголем економски раст и развој. ***Новиот предложен стратегиски модел за ЛЕР*** треба да изврши преструктуирање на стопанството, според современите потреби на пазарот и конкуренцијата, зголемување на ефикасноста и ефективноста на јавната администрација, спроведување на соодветни реформи во насока на создавање нов лик и современа визија на градот Тетово и тоа:

- ✓ *Тетово град на соживот според обичаите на граѓаните;*
- ✓ *Град на соживот и квалитетно живеење;*
- ✓ *Град на позитивна енергија;*
- ✓ *Тетово град на еднакви можности;*
- ✓ *Тетово сигурен дом за печалбарите;*
- ✓ *Тетово град на студентите и на иднината;*
- ✓ *Тетово град на постојан развој и благосостојба на граѓаните.*

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] **Bruno Dallago and Ermanno Tortia (2018):** Entrepreneurship and Local Economic Development: A Comparative Perspective on Entrepreneurs, Universities and Governments, Routledge.
[2] Capello R., Nijkamp P. (2009): Handbook of Regional Growth and Development Theories, Edward Elgar, Cheltenham.
[3] Cooke Philip and Piccaluga Andrea (2006): Regional development in the knowledge economy, Rutledge, New York.
[4] Drnovsek, Mateja (2005): Benchmarking of Business incubators in Slovenia, Centre for Entrepreneurship Development, University of Ljubljana – Faculty of Economics, Ljubljana.
[5] Franci, Žohar (2008): Reform of financing of municipalities in Slovenia, Government Office for Local Self-Government and Regional Policy, (Professional article), Ljubljana.
[6] Group of authors; Mazllami, Jeton (co authors) (2008): TETOVO–Economic status and development, FBA–SEEU, Arberiadesign, Tetovo.
[7] Janez SIRŠE (2002): MARIBOR – TURISTIČNO MESTO Vizija in strateške smeri razvoja turizma, Medunarodni inštitut za turizem, Ljubljana.
[8] Joaquin Jay Gonzalez III and Roger L Kemp (2017): Small Town Economic Development: Reports on Growth Strategies in Practice, McFarland.
[9] Maroš Finka and Matej Jaššo (2018): The Role of Public Sector in Local Economic and Territorial Development: Innovation in Central, Eastern and South Eastern Europe.
[10] Mazllami, Jeton (2011): Инвестиците и локалниот економски развој во тетовскиот регион, Докторска дисертација, Економски факултет, Скопје.
[11] MOM: *"Kratek pregled" 1999-2002, 2003-20006, 2006-2009,2009-2012* Mestna občina Maribor.
[12] Nancey G. Leigh and Edward J. Blakely (2013): Planning Local Economic Development: Theory and Practice, SAGE Publications.
[13] Setterfield, Mark (2010): Handbook of Alternative Theories of Economic Growth, Edward Elgar, Massachusetts.
[14] UNDP (2004): "*Како да профункционира локалниот развој*", Програма за развој на ОН.
[15] Zeqiri, Izet and Mazllami, Jeton (2017): *Regional development as an imperative for fostering the development of republic of Macedonia*, 13th ISC, Montenegro.
[16] MOM: "*What Future for Cohesion Policy? An Academic and Policy Debate",* Maribor 2011.
[17] Наталија Николовска (2000): Регионална Економија, Економски Факултет Скопје.
[18] Општина Тетово, Биро за ЛЕР: "*Предлог Програма–за активностите на Општина Тетово во областа на локалниот економски развој во 2011-2017 година",* Тетово.
[19] Општина Тетово, Сектор за финансии и буџет: "*Буџет на општина Тетово"* 2002–2017, Тетово
[20] Сл.Весник: "*Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009–2019"*, Службен весник на РМ бр.119 од 30.09.2009 година.